Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а во врска со член 106 став (1) и став (3) од Законот за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/24) и член 75 од Колективниот договор на Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 36/24), министерот за одбрана донесе

# УПАТСТВО

**За начинот и постапката за остварување на правото на надомест на трошоци направени при користење на здравствени услуги во јавните здравствени установи и приватни здравствени установи кои имаат договор за соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија како и надомест на трошоци за плаќање на лекови кои се наоѓаат на листа на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на кој министерот за здравство дава согласност, за вработените во Министерство за одбрана**

## Член 1

(1) Со ова Упатство се пропишува начинот и постапката за остварување на правото на надомест на трошоци направени при користење на здравствени услуги во јавните здравствени установи и приватни здравствени установи кои имаат договор за соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и надомест на трошоци за плаќање на лекови кои се наоѓаат на листа на лекови што со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на кој министерот за здравство дава согласност, за вработените во Министерство за одбрана.

(2) Правото на надоместокот од ставот (1) на овој член се остварува врз основ на решение донесено од министерот или од него овластено лице.

### Член 2

(1) Надоместокот на трошоци за извршени здравствени услуги согласно ова Упатство, се утврдува согласно цените на здравствените услуги кои ги определува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, регулирани со соодветни одлуки.

(2) Надоместокот на трошоци за лекови, се пресметува врз основ на листа на лекови кои се на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, за која согласност дава министерот за здравство.

### Член 3

(1) Правото на надоместок на трошоци за вработените во Министерството, од член (1) на ова Упатство, се остварува врз основ на поднесено барање со уредно приложена документација за направените трошоци, издадена од надлежна здравствена установа.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член е составен дел на ова Упатство и е прикачено на ВЕБ страната на Министерството, од каде вработените можат да го преземат со пополнување на сите потребни податоци наведени во истото.

(3) Барањето од ставот (1) на овој член со потребната документација се доставува до Директоратот за управување со човечки ресурси, образование и обука, а исплатата на надоместокот согласно одобрените средства во буџетот на Министерството за тековната година ја врши Директоратот за финансии.

(4) Барањето од ставот (1) на овој член, вработените во Министерството можат да го поднесат еднаш месечно, без оглед на износот на побарувањето или да го поднесат двапати во тековната година со прилог документација од повеќекратно направени здравствени услуги или трошоци за лекови, а во насока на рационално и економично користење на ресурсите за изработка на соодветна документација.

(5) Барањето од ставот (1) на овој член не може да се поднесе по истек на законски утврдениот рок за надоместок на трошоци, односно по истек на три години од денот на настанување на трошокот.

### Член 4

(1) Документацијата која се доставува во прилог на барањето од член 3 став (1) на ова Упатство, треба да содржи:

- Оригинална фискална сметка или парагон блог со печат и потврда за извршена услуга на име на вработениот;
- Извештај од специјалист или други наоди, кога е потребно доколку во прилог на фискалната сметка нема потврда за утврдување на идентитетот на вработениот;
- Фотокопија од рецепт кој се однесува на набавениот лек или оригинален рецепт за лекови кои се дел од хронична терапија, креиран електронски од матичниот лекар;
- Копија од здравствена легитимација каде е наведен печат од матичен лекар;
- Фотокопија од трансакциска сметка.

**Член 5**

(1) При проверка на доставената документација, а во насока на изработка на решение за надомест на трошоци од член 1 на ова Упатство, Директоратот за управување со човечки ресурси, образование и обука, потребно е да постапува по следното:

- Надомест следува за услуги во установи кои не се јавни здравствени установи, односно приватни здравствени установи кои имаат договор со Фондот за здравствено осигурување;
- Не следува надомест за трошоци за лекување на членови на семејството;
- Не следува надомест на услуги кои не се основни здравствени услуги опфатени со задолжително здравствено осигурување на осигурените лица во примарната, специјалистичко - консултативна и болничката здравствена заштита, без разлика дали истите се направени во јавна или приватна здравствена установа кои имаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување;
- Не следува надомест на услуги за кои иако се основни здравствени услуги, здравствената установа нема склучено договор со Фондот за здравствено осигурување како на пример: приватни лаборатории прават со упат на матичен лекар, комплетна крвна слика и биохемија, меѓутоа немаат за CRP, а во кој случај ќе се изврши надомест за услугата за која е платена партиципација, но не и за целиот платен износ;
- Потврдата за извршена услуга на име на вработениот да содржи податоци за кои од извршените услуги е наплатена партиципација, особено за услуги извршени во приватни здравствени установи кои имаат договор со Фондот за здравствено осигурување, од причина што за некои од услугите кои ги даваат немаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување;

- Не следува надомест на финансиски средства за лекови кои не се листа на лекови која со општ акт ја утврдува Фондот за здравствено осигурување, за која министерот за здравство дава согласност (позитивна листа на лекови);
- Да се постапува согласно Законот за здравствено осигурување како и Одлуките за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци за здравствените услуги и лековите, но најмногу до 20 % од просечниот износ на вкупните трошоци на здравствената услуга, односно лековите, согласно член 32 од предметниот закон;
- За поврат на финансиски средства како ликвиден финансиски документ, се прифаќаат исклучиво фискални сметки или парагон блок заверен од установата која ги издава;
- Потврдата која се издава во прилог на фискалната сметка служи исклучиво како идентификација дека услугата за која се побарува поврат на финансиски средства е направена за барателот, во насока да се утврди кои од услугите се опфатени со основното здравствено осигурување и истата не мора да биде заверена со матичен печат од установата од која е издадена;
- Финансиските средства дадени за набавка на лекови најчесто инјекции или останати медицински материјали и средства кои се купуваат од аптеките по препорака од специјалист, а кои не можат да се подигнат со препишан рецепт од матичен лекар, потребно е да бидат побарани од Фондот за здравствено осигурување, а врз основ на добиено решение од Фондот за здравствено осигурување, да се побара поврат на партиципацијата.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 6

(1) Доставената документација се чува и обработува согласно Законот за заштита на личните податоци.

(2) Обработката на личните и здравствени податоци се врши согласно законската обврска, со цел остварување на правото на надомест на трошоци согласно закон, Колективен договор и ова Упатство.

(3) Надоместокот на трошоци согласно Законот за вработените во Министерството за одбрана, Колективниот договор на Министерството за одбрана и ова Упатство, не следува за членови на семејството на вработените.

**Член 7**

Надоместокот на трошоците по поднесени барањата од вработените во Министерството, по влегување во сила на Законот за вработените во Министерството за одбрана и Колективниот договор на Министерството за одбрана, ќе се разгледаат согласно одредбите од ова Упатство.

**Член 8**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 01-2273/1

30-07-2025 2025 година

Скопје

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА

Владо Мисајловски

Изработиле: Марија Димчева
Роберт Атанасовски
Лидија Јованчевска

Контролирал: Ирена Станковска

Одобрил: Елизабета Чуповска Ристова

**Образец за барање за надомест на трошоци**

(се поднесува до Директоратот за управување со човечки ресурси, образование и обука)

1. **Лични податоци на вработениот**

- Име и презиме: ______________________
- Единствен матичен број (ЕМБГ): ______________________
- Адреса на живеење: ______________________
- Телефонски број за контакт: ______________________
- Електронска пошта: ______________________
- Број на трансакциска сметка: ______________________
- Назив на организационата единица каде е вработено лицето: ______________________

2. **Податоци за здравствените услуги и лекови**

- Датум на извршениот трошок: ______________________
- Тип на здравствена услуга (лекување, терапија, специјалистички преглед, итн.): ______________________
- Назив на здравствената установа: ______________________
- Услуга која е извршена (опис на услуга): ______________________
- Копија од рецепт (ако се однесува на лекови): [ ] Да [ ] Не
- Назив на лекови (ако се однесува на лекови): ______________________
- Износ на трошок (според фискалната сметка): ______________________
- Износ на партиципација (ако е платено): ______________________

3. **Приложена документација (поставете тик ако документацијата е приложена)**

☐ Оргинална фискална сметка или парагон блог со печат и потврда за извршена услуга

☐ Извештај од специјалист (ако е потребно)

☐ Фотокопија од рецепт (за лекови)

☐ Копија од здравствена легитимација

☐ Фотокопија од трансакциска сметка

Со потпишување на ова барање, потврдувам дека сите приложени документи се точни и веродостојни, и дека сите трошоци за кои барам надомест се направени согласно Законот за здравствено осигурување и Упатството на Министерството за одбрана. Воедно, давам согласност моите лични и здравствени податоци да се обработуваат за потребите на постапката за надомест на трошоци, во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

**Датум:** ______________

**Подносителот на барањето:**

______________________

(име и презиме, потпис)